Драгиша Здравковски

# Култот на Големата Мајка во неолитот на Македонија

УДК: 903.26:730.041(497.7)"634"

Музеј на Македонија
Ќурчиска б.б., Скопје
dragicez@yahoo.com

Со мојот почитуван професор Вера Битракова Грозданова искрено соработувам над 30 години. Иако нејзиниот професионален интерес е античкиот период, а мојот е неолитот во Македонија, подолу ќе се осврнам на најдоминантниот култ во праисторијата, култот кон Големата Мајка. Токму професор В. Битракова Грозданова, како еминентен истражувач, прва укажа на континуитетот во почитувањето на култот на Големата Мајка од праисторијата до антиката. Имено, проучувајќи ја религијата и уметноста во античка Македонија, таа ги истакнува ... *автохтоните верувања - култот кон плодноста на земјата ... (уште од неолитско време)...*[1] Особено укажува на врските помеѓу култот на божицата Кибела и Големата Мајка.

Најмаркантна појава во неолитот на Македонија, во Анзабегово-вршничката и Велушко-породинската културна група, се жртвениците од типот Голема Мајка. Делови или фрагменти од цилиндерот и куќата се наоѓани во Велушко-породинската и Анзабегово-вршничката културна група. Пелагониските се подобро познати во научната јавност, додека вторите само делумно. Никогаш оваа категорија пластика, од двете групи, не била разгледувана заедно.

Првите артефакти во Анзабегово-вршничката група се најдени во истражувањата на Руг Баир во 1970 год. Тогаш се откриени три фрагменти од оваа скулптура. Тоа се дел од дното и ѕидот на куќата-постаментот, половина од капакот на цилиндерот со дупка и фрагмент од прстите на раката од покривот.[2] Во тоа време истражувачот, В. Санев, познавајќи го материјалот од Пелагонија, сосема коректно помислил: *Според зачуваниот дел од основата на која се наоѓаат остатоци од триаголни отвори, се гледа дека станува збор за облик што многу потсетува на жртвениците во облик*

[1] В. Битракова Грозданова, 1999, Религијата и уметноста во антиката во Македонија, Скопје.

[2] В. Санев, 1976, Неолитската населба Руг Баир кај с. Горобинци, Зборник на Штипскиот Народен музеј IV-V, 203-246, Т. XIV, сл. 3-5.

*на куќа, какви што се најдени во Породин и Велушка Тумба.*[3] *Овој примерок е најден во слојот 3 кој стратиграфски одговара на Анзабегово II, односно на почетокот на средниот неолит.*[4] За прв пат целосно сочуван, е откриен во Тумба Маџари, куќа 1 во 1981 год.[5] Овој примерок (сл. 1), со своите импресивни димензии од 0,39 м висина, класичната смирена поза на изникнување од куќата и воедно бдеење над нејзиниот мир и огниште, ја прави оваа теракотна претстава ексклузивна. Таа ќе стане главната нишка што го поврзува духот на човекот особено од средниот неолит во северна Македонија. На цилиндерот над очите, со кафена боја е нанесена коса во вид на шишки. Таа на задниот дел е пластично прикажана и собрана. Во подоцнежните истражувања откриени се и други фрагменти од цилиндрите и куќата со различни димензии и фризури. Некои се пластично извајани со афро, други само нагласени со врежување. Воопшто, фризурите зборуваат за извонредно богатата мода на неолитската жена. Сите познати примероци имаат различен третман на очите. Некои се со затворени очи, некои со полуотворени, други со широко отворени. Лицата на цилиндрите од Пелагонија имаат триаголна форма и асоцираат на маски (сл. 13, 16). Примероците од нашата група имаат малку повеќе реализам. Особено примерокот од Тумба Палчиште во тој поглед отскокнува од сите други (сл. 10). Некои примероци на Големата Мајка имаат сликарски дослики, интервенции со црвена боја, идентична со бојата на сликаната керамика (сл. 6). Цилиндрите биле моделирани околу едно дрво што се гледа по отисоците на поголемиот број цилиндри. Овој тип жртвеник е изработуван во различни големини - од најмали, само десетина сантиметри, до споменатата со речиси 40 см висина. Треба да се спомене и еден случаен наод на маркантно извајана, во природна големина глава на жена (сл. 3). Лицето е рамно со врежан, пластично изведени очи и нос, а уста нема. Фризурата е со пластични длабоки бразди - плетенки, собрани на едната страна во кок. Засега останува без соодветни аналогии и останати научни информации.[6]

Филозофската идеја за пра - родителката, од која започнува сè, е прикажана како еден цилиндер со основните антропоморфни карактеристики: очи, нос, често нема уста, ретко прикажани гради и папок, раце со белезици што цврсто стојат на куќата-односно ја држат (прикажана како неправилна коцкаста форма), со разни форми на отвори за прозорци. Има примероци на дното на основата на куќата со дупка (примерокот од Тумба Породин) (сл. 14) која вертикално комуницира со отворот во средината на цилиндерот. Можеби тоа е комуникацијата на земјата и небото. Примерокот од Церје - Говрлево е во изминат гравидитет (сл. 8).[7] Еден примерок од Тумба

[3] Ibid., 221.

[4] Ibid., 225.

[5] В. Санев, 1981, Неолитско светилиште од Тумба во с. Маџари, Скопје (фолдер од изложбата).

[6] Д. Здравковски, 2005, Праисториските дами од Македонија, кат. единица 41, Скопје.

[7] М. Билбија, 2005, Праисториските дами од Македонија, кат. единица 46, Скопје.




*Голема Мајка: 1-7, лок. Тумба - Маѓари*

Маџари висок 31,5 см нема раце, но куќата е особено маркантна во однос на цилиндерот и лицето (сл. 4). Затоа, ни се чини дека кај овој примерок доминира куќата над антропосот. На ова асоцираат и повеќето отвори на ѕидовите. Ова е случај и во Пелагонија и затоа сметаме дека овој примерок е постар од добро познатиот од куќа 1 од 1981 год. Примероците се со различна големина - од најмалиот од Тумба Мршевци со 14 см (сл. 11), Тумба Маџари 39 см и 34 см (сл. 1, 4), до фрагменти од кои може да ги насетиме големите размери. Таков е еден фрагмент од цилиндер од Тумба Маџари со големи димензии од 15 см (сл. 6). Слични димензии има и примерокот од Тумба Чаир, кој е случаен наод и за жал само во фрагменти. Меѓу нив со убавината на уметнички извајаната коса исплетена во двојна плетенка и фатена со игла се издвојува примерокот од Тумба Маџари. На челото се насликани нежни шишки со црвена боја, носот е мал, очите само врежани. Исто така заслужува внимание и примерокот од Тумба Палчиште (сл. 10). Тој се разликува од сите досега познати примероци, кај кои очите се само врежани или благо нагласени. Овој примерок има пластични импресивни очи. Зеницата е пластично извајана, ставена во убаво бадеместо око, чии капаци завршуваат во долга пластична линија, која остава впечаток на линија од шминка. Во Тумба Стенче покрај споменатиот фрагмент од постариот неолит, во среднонеолитскиот слој се најдени неколку фрагменти од цилиндер и од куќа. На еден примерок од цилиндер косата е извајана како кружни лепенки аплицирани со втиснување од прстите на мајсторот. Како и кај сите примероци, фактурата е груба и непречистена, вајана околу едно дрво од кое е останат позитивен отпечаток.

Во Пелагонија од корпусот на култната пластика, највпечатливи се антропоморфните цилиндри што се делови од жртвеникот Големата Мајка. Вајани се во различна големина, од едноставни, со строго стилизирани и шематизирани, до попластично и со реалистички прикажани карактеристики. Изработувани се на идентичен начин како и во Анзабегово - вршничката група. До пронаоѓањето во северна Македонија се сметаа за карактеристична специфика на Велушко - породинската неолитска група која покрај другите ја одделува како посебна група. Една продлабочена анализа на овие уметнички најимпресивни дела ќе покаже многу интересни моменти. Некои од ликовите имаат отворени очи со поглед на надалеку. Други се со затворени очи прикажани само како линија. Трети имаат полуотворени очи. На примерокот од Тумба Могила (сл. 9), со изразена грацилност и елеганција устата е собрана и заедно со срамежливиот поглед асоцира *primo bachio*. Со тоа уметникот успеал да прикаже еден извонредно емотивен миг, како на пример срамежливост на млада девојка. Устата кај некои примероци е врежана послабо, кај други поизразена. Кај еден при-мерок од Тумба Маџари, како да е во плач. Овие елементи можеби се основата за одредувањето на употребата на овие жртвеници.

Сметам дека култот на Големата Мајка е онаа златна нишка која е најважна во издвојувањето на двете групи, но и потенцирањето на заед-



8.



9.



10.



11.



12.

*Голема Мајка: 8. лок. Церје - Говрлево, 9. лок. Мог̄ила, 10. лок. Тумба - Палчишт̄е, 11. лок. Тумба - Мршевци, 12. лок. Тумба - Ст̄енче*

ничките вредности. Сѐ што е кажано за керамиката и керамографијата е значајно. Понекогаш тоа се главните модни трендови што ги има на една поширока територија. Тоа овозможува научно да се дефинираат културните комплекси[8] и културните блокови[9]. Во двете групи е евидентно присуството на антропоморфните цилиндри како делови од жртвеници. Тоа се шематизирани и стилизирани претстави на жена поставени на еден постамент кој во Анзабегово - вршничката група е квадар, врз кој стои Големата Мајка. Значи жртвеникот е составен од два елементи, Човек, Мајка и Куќа, огниште. Често имаме впечаток дека таа изникнува од куќата. Во Говрлево Мајката е претставена во поодминат гравидитет, што уште повеќе зборува за тоа дека се работи за жртвеници изработувани за овој доминантен култ во оваа група. Сите имаат очи, нос, коса со различна фризура, раце со големи белезици, најверојатно од школки какви што се најдени во истражувањата на локалитетите, и папок. Тој е важен детал, тој е врската на Мајката и новороденчето, тој е всушност животот за него. Како што кажавме во претставите од Анзабегово - вршничката група доминира Мајката - антропогениот дел.

Во Велушко - породинската група доминира куќата. Воопшто таа е многу пореалистички прикажана од човекот. Тој е само стилизиран, често потсетува на маска. Прикажани се само основните стилизирани и шематизирани контури. Нема фризури и убави очи. Разгледувани во контекст на целиот корпус на жртвеници од групата (куќа-основа со огниште, вистинска куќа, куќи без покрив само со страничните ѕидови на високи постаменти - нозе, потоа желката како куќа), јасно е дека во Велушко-породинската група таа доминира над Антропосот. Во социо - антрополошка смисла тоа значи двете групи имаат заеднички прапочеток или генеза.

Треба да се потсетиме дека овој култ не е ексклузивитет само на неолитот во Македонија. Култот кон мајката е најстариот и најраширениот култ. Тоа се добро познатите неолитски претстави на Мајките од Хаџилар и Чатал Хијик во Анадолија,[10] Сескло и Димини во Тесалија, Старчево и Винча во Централен Балкан. Овие жртвеници сметаме дека се главната карактеристика на неолитските културни групи во Македонија, бидејќи го изразуваат духот на неолитскиот човек. Иако кажавме дека претставите од двете наши групи се слични или имаат разлики, мора да се смета на ист прапочеток, односно корен. Претставите од Велушко - породинската група како постари, ја надминале фазата кога човекот доминирал. Неолитскиот човек од Пелагонија ја сфатил улогата на куќата, огништето и нејзината топлина во одржувањето на семејството и неговата благосостојба и добробит. Во овој прилог оди и жртвеникот од Тумба Стенче кој е поблизу до философијата на Пелагонискиот круг (сл. 12). Тоа е жртвеник кој претставува постара форма на пра - идејата за Големата Мајка како чувар на

[8] A. Benac - M. Garašanin - D. Srejović, 1979, PJZ II, 635-667, Sarajevo.
[9] Х. Тодорова, Вайсов И., Новокаменната епоха в България, София 1993, 71.
[10] J. Mellaart, 1976, The Neolithic of the Near Est, London.



13.



14.



15.



16.



17.



18.



19.



20.

*Голема Мајка: 13-15. лок. Тумба - Породин, 16-17. лок. Тумба Општичари 18. лок. Врбјанска Чука, 19. лок. Ѓорев Рид - Суводол, 20. лок. Тумба - Добромири*

куќата и семејството. Неговата форма е едноставна, еден цилиндер поставен како оџак на еден четвртест дел што претставува куќа. Изработен е од груба земја и печен на висока температура, висок 25 см. На страните се наоѓаат по два четириаголни отвори и два со форма на буквата М. Овој жртвеник по својата едноставност и совршен изглед упатува на помислата дека се работи за култен жртвеник што е пра - почеток на уметничка реализација на старата идеја за Мајката како најважен и основен култ низ долгите милениуми на праисторијата. Целиот материјал од постариот слој има директни аналогии со Велушко - породинската група. Во Анзабегово - вршничката група сите претстави се од среден неолит кога на човекот му се давала доминантна улога. Оваа состојба ќе продолжи и во доцниот неолит. Многу блиска претстава до философијата на нашите жртвеници е примерокот од Бариљево, датиран во Винча-Тордош II. Човекот е прикажан како седи на столче, но странично погледнато се чини дека е седнат на домот, куќата.[11] Овој географски оддалечен наод од Горновардарскиот регион, временски е задоцнета манифестација на социо - економските промени кои веќе се извршени во Македонија. Доминацијата на матријархатот го изгуби приматот и веќе се инсталира патријархатот. Со тоа завршува предисторискиот култ кон мајката, куќата и семејството. Но, идејата продолжува да живее и во подоцнежните периоди во егејскиот свет кога се дефинираат нови божества со овие функкции кои се, како што кажавме предмет на истражување на професор В. Битракова Грозданова.[12]

## The Cult of the Great Mother in the Neolithic Age in Macedonia

### Summary

The most dominant cult in the Neolithic Age in the Republic of Macedonia is the cult of the Great Mother. Artistic depictions in terracotta have been discovered in numerous settlements of the two most dominant groups, those of Anzabegovo-Vršnik and Velušina-Porodin. This cult links the two cultural groups and provides a possible answer concerning the genesis of the Anzabegovo-Vršnik group. The cult is the spiritual expression of the man who tilled the land and lived off its produce and the results his labour yielded. This type of altar is conceived and modeled in two parts. The first is a house shown realistically, as in the specimen from Tumba Porodin, or geometrized, as in most of the specimens. A hollow cylinder with plastically depicted face, breasts, navel and hair in different styles stands on top of the house. Most of the specimens from Pelagonia are without arms. Only one specimen from Tumba Madžari has been discovered in the Anzabegovo-Vršnik group. All other specimens have arms, often de-

[11] M. Garašanin, 1979, op. cit., T. XXXIII, 1.
[12] В. Битракова Грозданова, 1999, op. cit.

corated with bracelets, that rest on the roof. In the Anzabegovo-Vršnik group the faces are shown with more realistic features, especially the hair. In the Velušina-Porodin group, the faces are schematized and more mask-like.

This cult gradually disappeared with the decline of the Neolithic culture and economy and the emergence of the Eneolithic Age, when the role of the man became more prominent. However, the concept of the Great Mother or the goddess of fertility lived on in Macedonia. In her studies of the religion and cults in the Antique period, Professor Vera Bitrakova-Grozdanova calls attention to this autochthonous cult.

Translated by
Rajna Hot Koška